универзитетски гласник

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Главен и одговорен уредник
*М-р Илија Пиперкоски*

Уредник
*Марија Маневска*

Лектор
*Весна Илиевска-Цветановска*

Техничко уредување
*Зоран Кордоски*

Печати
*Боро Графика*

# С О Д Р Ж И Н А

**Правилник** за донесување студиски програми ........................................................3

**Пправилник** за донесување и реализација на заеднички студиски програми во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје .......................................9

Врз основа на член 104 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.35/2008, бр.103/2008 и бр.26/2009) и член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 10. седница одржана на 18.6 и на 6.7. 2009 година, го утврди следниов

# П Р А В И Л Н И К
## за донесување студиски програми

## I. СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

### Студиски програми

**Член 1**

Студиите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се реализираат преку:

- студиски програми за прв циклус на универзитетски студии
- студиски програми за втор циклус на универзитетски студии
- студиски програми за трет циклус на универзитетски студии

Студиите на Универзитетот се организираат според студиски програми што ги донесува Сенатот, а акредитацијата ја врши надлежен орган во Република Македонија согласно со закон.

### Постапка за основање на нова студиска програма

**Член 2**

Студиските програми се предлагаат од наставно-научните, односно научните совети на единиците на Универзитетот и од органите на придружните членки - на јавните научни установи.

Предлогот на програмата треба да биде составен во согласност со закон и овој Правилник.

Предлогот на програмата се доставува до Одделението за настава на Универзитетот на понатамошна постапка. Предлогот се доставува во печатена и во електронска форма.

Одделението за настава може да врати предлог за нова студиска програма доколку тој не ги содржи потребните податоци предвидени со овој Правилник и Правилникот за нормативите и стандардите за основање и вршење на високообразовна дејност.

Во зависност од видот на научното подрачје и карактерот на предложената студиска програма, Одделението за настава може предлогот да го достави и до друга единица на Универзитетот, со барање мислење и забелешки за предложената студиска програма.

Одделението за настава го доставува предлогот со евентуалните забелешки од страна на единиците до Комисијата за настава на стручно мислење. Комисијата за настава е должна во рок од еден месец да се изјасни. Доколку Комисијата констатира постоење на стручни неправилности, како и неправилности во постапката за донесување помеѓу единиците на Универзитетот, може да донесе одлука предлогот да се врати на предлагачот на доработка.

По добиеното стручно мислење од страна на Комисијата за настава, Одделението за настава го доставува предлогот до Ректорската управа на понатамошна постапка.

Ректорската управа се изјаснува по предлогот и во случај на позитивно мислење, предлогот го доставува до Сенатот на Универзитетот.

Сенатот на Универзитетот се изјаснува по предлогот и во случај на позитивно мислење, одлуката за усвојување се проследува до Одборот за акредитација на натамошна постапка.

**Предлог на нова студиска програма**

**Член 3**

Предлогот за основање на нова студиска програма се состои од:

- проект за студиска програма;
- одлука за основање на нова студиска програма на наставно-научниот, односно научниот совет на предлагачот на програмата.

**Проект за основање на нова студиска програма**

**Член 4**

Проектот за основање на студиската програма содржи вовед, општ дел, студиска програма и образложение за можноста за реализирање.

**1. Вовед:**

- причини за предлагање на студиската програма, посебно:
  - проценка на неговата оправданост со оглед на потребите на пазарот на трудот во јавниот и приватниот сектор;
  - негова поврзаност со современите научни сознанија и/или од нив произлезени темелни вештини;
  - негова споредливост со програми од странски развиени високо-образовни установи (универзитети, високи школи и сл.), особено од земјите на Европската унија;
- досегашни искуства на предлагачот во спроведување на еквивалентни или слични студиски програми;
- ако се предлагаат студиски програми од прв циклус на универзитетски студии, треба да се наведат можните партнери надвор од високо-образовниот систем (стопанство, јавен или приватен сектор и сл.) кои покажале интерес или би можеле да бидат заинтересирани за нивно започнување;
- елементи со кои се овозможува мобилност на студенти;
- други елементи и потребни податоци според согледувањата на предлагачот.

**2. Општ дел:**

- назив на предлагачот (единица која ја изведува или координира студиската програма);
- назив на студиската програма;
- траење на студиите;
- услови за запишување на студиите;
- спецификација на генеричките (општите) и специфичните компетенции кои студентот ќе ги стекне со завршувањето на студиите и за кои работни места е оспособен;
- ако се предлагаат студиски програми во кои првиот и вториот циклус се обединети во една целина, треба да се наведат причините за нивно интегрирано изведување (регулирани професии);
- академскиот или стручниот назив или степен кој се стекнува со завршување на студиите.

**3. Студиска програма:**

- научно подрачје и поле;
- обем и организација на студиската програма (семестри, трисеместри, вкупен број кредити);
- задолжителни и изборни предмети (особено, попис на предмети-те, нацрт на содржините на предметите и оптоварува-њето на студентите (контакт-часови и самостојна работа), кредитни поени за предметот (ЕКТС) со образло-жение, облици на настава и начини на проверка на знаењата, попис на литературата (задолжителна и дополнителна), како и начин на следење на

квалитетот и успешноста на реализацијата на предметот;
- генерички и специфични компетенции (знаења и вештини) за секој предмет;
- задолжителни и изборни активности (семинари, конференции, трибини и сл.), доколку такви се предвидени;
- основна литература;
- структура на студиите, динамика на студирање и обврски на студентите (услови за запишување на студентите во повисок трисеместар, семестар или предмет, односно повисока година на студии, како и условите за запишување на одреден предмет или групи предмети);
- можност за организирање вонредни студии;
- високообразовна квалификација.

**4. Образложение за реализацијата:**

- место за реализација на студиската програма;
- простор и опрема;
- кадри за реализација на студиската програма (наставници и соработници) за секој предмет или активност;
- податоци за секој ангажиран наставник, и тоа: назив на единицата (на Универзитетот) или установата (надвор од Универзитетот) каде што е вработен, електронска адреса (e-mail), референци за компетенциите на наставникот; датум на последен избор во наставно-научно или научно звање; доколку наставникот не е вработен на Универзитетот, потребно е да се приложи писмена изјава од страна на наставникот дека е спремен да ја изведува наставата, како и писмена дозвола од раководното лице на установата во која наставникот е вработен со наведување на предметот и временскиот рок за кој се издава дозволата;
- финансиска конструкција на студиите;
- оптимален број запишани студенти со оглед на просторот, опремата и бројот на наставен кадар.

**Содржина на студиските програми**

**Член 5**

Студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии се оформуваат според нормативи, стандарди и методологија кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование, така што овозможуваат споредливост со програмите на високообразовните установи во тој простор.

Профилот, целите и појдовните основи за формирање на студиските програми поблиску се определуваат со уредба за националната рамка на високообразовни квалификации која ја донесува Владата на Република Македонија.

Студиските програми треба да содржат задолжителни и изборни наставни предмети. Задолжителните наставни предмети треба да бидат од соодветната област на единицата на Универзитетот, односно на внатрешната организациона единица (институт, катедра, оддел), при што нивното учество не може да надминува 75% од бројот на предметите на студиската програма. Остатокот од студиската програма го сочинуваат изборните наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни предмети застапени на единицата, односно единиците на Универзитетот.

Задолжителните компоненти кои треба да ги содржат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус поблиску ги одредува Одборот за акредитација со посебен акт.

Одредбата од претходниот став не се однесува за студиските програми за регулирани професии за кои се

применуваат прописите на Европската унија.

**Други студиски програми во рамките на првиот, вториот и третиот циклус на универзитетски студии**

**Член 6**

Покрај студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии, Универзитетот, неговите единици и придружните членки, акредитирани за вршење на високообразовна дејност може да основаат и други студиски програми како што се следниве:

- студиски програми за стручно и професионално усовршување;
- студиски програми за стручно образование пократко од три години;
- студиски програми во функција на доживотното учење;
- студиски програми кои се реализираат преку далечинско учење.

Предлогот за основање на овие студиски програми и постапката за нивно одобрување ги содржи истите елементи како и предлогот за основање на нови студиски програми од прв, втор и трет циклус на студии.

**Програма за стручно и професионално усовршување**

**Член 7**

На Универзитетот можат да се организираат различни програми за стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот за доживотно учење. Таквите програми се организираат заради усовршување, дополнување, продлабочува-ње и осовременување на знаењето и не се сметаат за студии во смисла на овој Правилник.

Форми за стручно, односно професионално усовршување можат да се организираат доколку се обезбедени просторни, кадровски и други услови потребни за нивна реализација.

Програмите од претходниот став можат да се организираат континуирано (за подолг временски период) или ad hoc по потреба.

Програмите од став 1 на овој член се донесуваат од наставно-научниот, односно научниот совет на единицата, односно од надлежно тело на Универзитетот утврдено со програмата за нивното орга-низирање.

На лицата кои ги посетувале овие програми Универзитетот им издава потврда, односно сертификат. Сертификатот го потпишува ректорот, односно деканот, согласно со став 1 на овој член.

Покрај програмите за стручно, односно професионално усовршување на Универзитетот и неговите единици, можат да се организираат и различни облици на неформално учење согласно со закон.

**Студиска програма за стручно образование пократко од три години**

**Член 8**

За стекнување на стручни знаења и обука, Универзитетот преку неговите единици организира стручно образование со траење и пократко од три години.

За стекнатите стручни знаења и обука од претходниот став се издава сертификат. Во сертификатот се наведуваат видот и обемот на стекнатото стручно образование и обука.

На лицето кое стекнало сертификат или друг документ за стручно знаење, според програма која е дел од акредитирана студиска програма од прв циклус на високообразовни стручни студии може стекнатото стручно знаење и обука изразено во кредити да му се признае како дел од вискообразовна студиска

програма. Стекнатите кредити се забележуваат во сертификатот или другиот документ од овој член.

Лицето кое се стекнало со стручно знаење и со кредити согласно со претходниот став на овој член и има знаење стекнато од други форми на учење, кое ќе биде соодветно евалуирано од Универзитетот или од единица на Универзитетот, може да ги продолжи студиите според студиската програма соодветна на стекнатите кредити и евалуираното знаење, според условите утврдени со општ акт на Универзитетот.

Одлука за формите за стручно образование и обука и другите услови за нивно организирање донесува наставно-научниот совет на единицата.

**Студиска програма за доживотно учење**

**Член 9**

Универзитетот организира програми за доживотно учење, користејќи пред сè иновативни методи и инструменти за подучување и учење (користење на нови технологии, далечинско учење и сл.) и користејќи ги просторот и опремата на Универзитетот кои се на располагање во време на дневната и седмичната настава. Овие програми овозможуваат:

- стекнување формална универзитетска диплома;
- добивање потврда за успешно завршување на специфични програми за обука (почетни и континуирани), или
- надополнување или освежување на компетенциите од одредена област, наменето за поранешни студенти.

Програмите за доживотно учење, кои имаат за цел стекнување на формална универзитетска диплома, можат да бидат дел од соодветните редовни универзитетски програми, но не можат да бидат нивна алтернатива.

Системот на оценување на програмите за доживотно учење исто така се базира на ЕКТС-кредити/поени и резултати од учењето.

Претходното учење, формално и неформално, се признава од страна на Универзитетот и на овие студенти им се доделуваат соодветен број на ЕКТС-кредити, кои ќе им послужат или како основа за упис на универзитетска програма (редовна или доживотна), или како елемент во рамките на овие програми.

Критериумите, стандардите и процедурите за програмите за доживотно учење се применуваат исто како и кај формалните студиски програми на Универзитетот.

**Програми за далечинско учење**

**Член 10**

Универзитетот, односно неговите единици можат да организираат и да реализираат студиски програми и преку системот за далечинско учење.

Предлогот на програмите по далечински пат го поднесува единицата која е носител на студиската програма, а го потврдува Сенатот по претходно мислење на Ректорската управа.

Условите според кои се основаат овие студиски програми се уредуваат со Правилник за далечинско учење на Универзитетот.

**Орган што ги донесува студиските програми**

**Член 11**

Студиските програми од прв, втор и трет циклус ги усвојува Сенатот на Универзитетот.

Согласност за организирање студиски програми кои се во функција на доживотното учење, по претходно мислење на Комисијата за настава на Универзитетот, донесува наставно-научниот совет на единицата - носител на овие програми.

Универзитетот јавно ги објавува студиските програми најдоцна до објавувањето на конкурсот за упис на студенти.

Студиските програми се менуваат по истата постапка по која и се усвојуваат.

## II. ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ

### Видови предметни програми

**Член 12**

Предметните програми во рамките на една студиска програма можат да бидат:
- задолжителни;
- изборни;
- факултативни.

### Опис на предметните програми

**Член 13**

Одделните предметни програми во рамките на една студиска програма ги содржат следниве елементи:
- назив;
- код;
- вид;
- ниво;
- академска година;
- семестар/трисеместар;
- број на кредити;
- име на наставникот - реализатор на наставата;
- цели на предметната програма (особено, образовните резултати и компетенции);
- предуслови;
- содржина;
- препорачана литература;
- методи на учење;
- методи на оценување, односно проверка на знаењата;
- јазик на кој се изведува наставата.

### Вреднување на оптоварувањето на студентот

**Член 14**

Бројот на кредитите за определени предметни програми се утврдува врз основа на оптоварувањето на студентот изразено преку: посета на предавања, учество на успешно реализирани вежби, семинари, успешно реализирана практична работа, изработка на семинарска работа, теренска работа, самостојна/домашна работа, учење во библиотека, менторство на други студенти, изработени или реализирани проекти и сл.

Секоја предметна програма се темели на образовни активности што се одредува според следниве аспекти:
- *видови предметни програми:* предавање, семинар, истражувачки семинар, вежба, практична лабораториска работа, самостојно истражување; писмена работа, практика, стажирање, теренска работа, проектна задача итн.
- *видови образовни активности:* следење на предавања, извршување на посебно зададени задачи, вежбање технички и лабораториски вештини, пишување писмени задачи, читање книги и текстови, учење како да се даде конструктивен критички осврт на туѓ труд, водење состаноци итн.
- *начини на проверка на знаењето:* устен испит, писмен испит, усна презентација, тест, есеј, портфолио, теза, извештај за практична работа, извештај за теренска работа, континуирано оценување, итн.

Доделувањето кредити за предметите се врши на начин и во постапка утврдени во Правилникот за единствениот кредит-систем на Универзитетот.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**